# EASO
# Каталог за обуки

## Центар за професионален развој

2021 година



PDF ISBN 978-92-9400-320-1 doi:10.2847/00001 BZ-02-21-534-MK-N

© Европска канцеларија за поддршка на азил, април 2021 година.

Репродукцијата е дозволена доколку се наведе изворот.

За каква било употреба или репродукција на фотографии или друг материјал што не спаѓаат под авторското право на EASO, дозвола мора да се бара директно од носителите на авторското право.

# Каталог за обуки на EASO

# 2021 година

# Предговор




EASO неодамна ја прослави својата десетгодишнина. Во текот на последната деценија, на земјите членки им обезбедивме постојана понуда на професионални модули на целни обуки, кои се клучни за имплементација на Заедничкиот европски систем за азил преку поддршка на градењето капацитети во земјите членки.

Според мојата визија за идниот развој на Агенцијата и надградба на претходниот успех, Центарот за обука и професионален развој на EASO е формиран со реорганизација во текот на јануари 2020 година и моментално доживува период на раст. Бројот на модули за обука постојано се зголемува за да ги покрие потребите изразени од властите за азил и прифат, а истовремено Центарот ја надградува инфраструктурата за да ја задоволи оваа побарувачка. Сè повеќе национални органи за азил и прифат ја избираат нашата Наставна програма за да ги подготват нововработените службеници, како и искусни службеници за спроведување на специјализирани студии. Ова во голем дел е поврзано и со функционалностите на два други централни делови на EASO, имено со работата на Центарот за знаење за азил и Центарот за оперативна поддршка.

За да го поддржи овој развој, EASO воспоставува подобрена Рамка за обезбедување квалитет на обуките, со цел да ги усогласи нашите активности за обука со европските стандарди за обезбедување квалитет во областа на образованието и стручната обука. Мојата желба е оваа рамка да ги стави службениците за азил и прифат, како и нивните администрации, цврсто во срцето на сè што правиме, преку воведување доброволни проценки за сертифицирање на учењето, подобрени услуги за поддршка за учениците и обучувачите, како и силни активности за евалуација, со цел да се обезбеди континуирано подобрување на нашата обука. Во текот на спроведувањето на овие промени, нашите модули и понатаму ќе се засноваат на сеопфатната референтна рамка наречена Европска рамка за секторски квалификации (ЕСРК) за службениците за азил и прифат, така што испорачаната обука ќе соодветствува на дневните обврски и задачи на службените лица за азил и прифат. Обуката, исто така, и понатаму ќе се спроведува преку Системот за управување со учењето на EASO, овозможувајќи им на службениците за азил и прифат да го следат онлајн делот од обуката со сопствено темпо, притоа усогласувајќи ги нивните потреби за професионален развој со нивните работни распореди и професионални одговорности.

Во овој Каталог на обуки е даден преглед на модулите што им се нудат на службениците за азил и прифат, вклучително и службеници за политики, истражувачи на информации за земјата на потекло и медицински информации за земјата на потекло, службеници за Даблинска регулатива, службеници за регистрација, службеници за раселување, преведувачи, службеници за прифат, менаџери, директори и лидери на тимови кои работат во контекстот на азил. Секој воведен модул вклучува суштински информации како што се целната група, исходите од учењето, преглед на модулот, начинот на испорака и времетраењето на активностите за обуката. Исто така, ќе најдете информации за најновата верзија, што е следно за секој модул и јазиците на кои е достапен секој модул.

Покрај тоа што ви посакувам добредојде на нашиот Каталог за обуки, ви посакувам успех во студирањето!

**Нина Грегори**
**Извршен директор на EASO**

# Содржина


Вовед во Наставната програма за обуки на EASO ....... 6
Што претставува Наставната програма за обуки на EASO? ....... 6
Кому може да му користи Наставната програма за обуки на EASO? ....... 7
Обезбедување погодност за целта на обуките – Европска рамка за секторски квалификации ....... 7
Сертифицирање ....... 7
Транзиција кон понасочена Наставна програма на EASO ....... 8
Како да побарате превод на модул од Наставната програма за обуки на EASO ....... 8
Модули од Наставната програма за обуки на EASO ....... 9
Примена на клаузули за исклучување на лица кои не заслужуваат меѓународна заштита ....... 11
Директива за постапки за азил ....... 12
Заеднички европски систем за азил ....... 13
Комуникација со баратели на азил и обезбедување информации на баратели на азил ....... 14
Информации за земјата на потекло ....... 15
Регулатива Даблин III ....... 16
Крај на заштита ....... 17
Процена на докази ....... 18
Фундаментални права и меѓународна заштита во ЕУ ....... 19
Пол, родов идентитет и сексуална ориентација ....... 20
Идентификување на потенцијални Даблински случаи ....... 21
Откривање потенцијални случаи на исклучување ....... 22
Вклученост ....... 23
Вклученост – напреден ....... 24
Толкување во контекст на азил ....... 25
Сослушување деца ....... 26
Сослушување ранливи лица ....... 27
Техники на сослушување ....... 28
Вовед во дидактика ....... 29
Вовед во меѓународна заштита ....... 30
Управување во контекст на азил ....... 31
Управување во контекст на прифат ....... 32
Медицински информации за земјата на потекло ....... 33
Прифат ....... 34
Прифат на ранливи лица: идентификација на ранливост и обезбедување првична поддршка (блок А) ....... 35
Прифат на ранливи лица: проценка на потребите и дизајн на интервенции (блок Б) ....... 36
Регистрација на барања за меѓународна заштита ....... 37
Раселување ....... 38
Трговија со луѓе ....... 39
Анекс I – Јазични верзии на модулите на Наставната програма за обуки на EASO ....... 40
Анекс II – Јазични верзии за виртуелна испорака на прирачниците за обучувачи на EASO ....... 42

# Вовед во Наставната програма за обуки на EASO

Наставната програма за обуки на EASO ги поддржува националните администрации и националните служби на земјите членки, кои се одговорни за прашањата за азил преку воспоставување и обезбедување обуки. Ова е една од обврските на EASO како што е наведено во член 6 од Регулативата (ЕУ) бр. 439/2010 (регулативата на EASO). Од основањето на Канцеларијата, Наставната програма за обуки на EASO на земјите членки на Европската Унија им обезбедува висококвалитетни и соодветни наменски материјали за учење за практичарите за азил и прифат. Со гордост можеме да кажеме дека, од 2012 година, EASO има регистрирано над 49.000 учества на сесии за обуки од страна на практичари за азил и прифат низ ЕУ и пошироко. Овој број го одразува успешното спроведување на стратегијата за обуки и учење на EASO.

Наставната програма за обуки на EASO соодветствува на потребите на националните администрации на земјите членки одговорни за прашањата за азил, а со тоа им помага на земјите членки да постигнат заедничко разбирање и усогласена примена на стандардите на ЕУ за меѓународна заштита. Преку обука, учење и развој, ќе продолжиме да ја поддржуваме практичната имплементација на Заедничкиот европски систем за азил и подобрувањето на стандардите за квалитет.

# Што претставува Наставната програма за обуки на EASO?

Наставната програма за обуки на EASO е заеднички систем за обуки дизајниран за службеници кои работат на случаи и прифат, како и за други практичари на азил, низ земјите членки на ЕУ, Норвешка и Швајцарија (земјите на ЕУ+). Наставната програма за обуки на EASO се користи и како основа за оперативна обука, како и за зголемување на капацитетите во трети земји. Истата е развиена во рамките на Конвенцијата за бегалци од 1951 година и нејзиниот протокол од 1967 година, правните инструменти на Заедничкиот европски систем за азил и другите меѓународни и законодавни акти на ЕУ, а се состои од голем број интерактивни модули што го опфаќаат целото поле на меѓународна заштита.

Овие интерактивни модули се на англиски јазик и се преведени на многу јазици на земјите од ЕУ, како и на земји кои не се членки на ЕУ. Преведувањето на модулите од Наставната програма за обуки на EASO на националните јазици обезбедува понатамошно распространување, а тоа им овозможува на националните власти за азил да спроведуваат обуки на нивните мајчини јазици, со што се олеснува нивното прифаќање од целната публика. Поддршката на EASO во оваа област е во согласност со опсегот на регулативата на EASO, бидејќи преводот ја подобрува имплементацијата на Заедничкиот европски систем за азил (член 1) и овозможува тесна соработка со властите за азил на земјите членки (член 2(5)).

Модулите се засноваат на методологија за мешано (хибридно) учење, вклучително формат за е-учење и сесии лице-в-лице. Усвоена е методологија „обучи го обучувачот“ за да се поддржи развојот на знаење, вештини и компетенции кај обучувачите со цел истите да бидат способни да обучуваат персонал во националните администрации, со што се создава ефект на мултипликатор. Модулите на Наставната програма за обуки на EASO се развиени од внатрешни експерти, експерти

за содржини од земјите членки и надворешни експерти, а се разгледуваат од референтни групи (членовите се разликуваат според темата на модулот), Канцеларијата на Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите Нации (УНХЦР) и Европската комисија.

# Кому може да му користи Наставната програма за обуки на EASO?

Дизајнирана за органите за азил и прифат во земјите на ЕУ+ како трајна алатка за поддршка, Наставната програма за обуки на EASO може да се користи и во контекст на итни случаи или како специјална поддршка при одговор на специфични ситуации или операции. Истата се користи и како инструмент за градење капацитети во контекст на надворешната димензија. Секој чинител кој работи во областа на меѓународната заштита и миграцијата може да ја следи Наставната програма за обуки на EASO.

# Обезбедување погодност за целта на обуките – Европска рамка за секторски квалификации

Наставната програма за обуки на EASO ја користи Европската секторска рамка на квалификации за службеници за азил и прифат (ЕСРК) за да ги идентификува резултатите од учењето на своите модули. Целта на ЕСРК е да се идентификуваат соодветните патеки за обуки и учење на службениците за азил и прифат врз основа на нивните должности и работни задачи. Заедно со земјите членки, EASO изврши исцрпно мапирање на должностите и задачите на службениците за азил и прифат со цел да се развијат професионални стандарди кои ги утврдуваат знаењата, вештините, одговорноста и автономијата што им се потребни на службениците за азил и прифат за извршување на нивните задачи. Потоа, беше развиена матрица за образовни стандарди за да се утврди што треба да знаат или да можат да прават службениците за азил и прифат кога успешно ќе постигнат резултати од учењето опишани со образовниот стандард. Овие резултати од учењето секогаш мора да бидат релевантни за извршување на задачите кои се идентификувани во соодветните професионални стандарди.

# Сертифицирање

EASO работи на сертифицирање на модулите на Наставната програма за обуки на EASO. Со тоа ќе се обезбеди обука за службениците за азил и прифат во согласност со законодавната рамка на ЕУ и стекнување на знаењата, вештините и компетенциите кои им се потребни за извршување на нивните должности.

# Транзиција кон понасочена Наставна програма на EASO

Со цел да се осигури дека обуката на EASO е усогласена со европските стандарди во областа на високото образование и стручната обука, EASO во моментов гради цврста рамка за квалитет со цел да се обезбеди конзистентност и целосна поддршка на учениците во текот на нивното учење. Оваа транзиција вклучува реструктуирање на Наставната програма за обуки на EASO со цел да се создадат помали модули кои можат да се групираат за да соодветствуваат на специфичните потреби за обука и да се овозможат индивидуализирани патеки на учење.

# Како да побарате превод на модул од Наставната програма за обуки на EASO

Двапати годишно, во април и октомври, Центарот за обука и професионален развој објавува отворен повик до земјите членки кои би сакале да имаат преведен модул од Наставната програма за обуки на EASO на нивниот мајчин јазик.

Барањата за превод се оценуваат од внатрешен комитет и се рангираат според различни критериуми, како што се верзијата на бараниот модул, бројот на учесници по модул во однос на големината на органот за азил на земјата членка, историските податоци за спроведувањето и користењето на Наставната програма за обуки на EASO и буџетот. Кога се преведува модул од Наставна програма за обуки на EASO, се преведуваат сите компоненти, а видеата или анимациите (доколку ги има) се титлуваат.

Потребни се од 6 до 8 месеци за EASO да ги преведе сите компоненти на модулот, во зависност од должината на модулот и дали претходните верзии се преведени на бараниот јазик. По преводот, потребни се уште 8 до 10 недели за да се изгради модулот на интернет. Со итните барања се постапува врз основа на индивидуалниот случај.

# Модули од Наставната програма за обуки на EASO



## Основни модули за службеници кои работат на случаи за азил

- Проценка на докази
- Вклученост
- Техники на сослушување

## Модули кои се фокусираат на лица со посебни потреби

- Сослушување ранливи лица
- Сослушување деца
- Пол, родов идентитет и сексуална ориентација
- Прифат на ранливи лица: Блок А
- Прифат на ранливи лица: Блок Б
- Трговија со луѓе

## Модули за одредена публика

- Толкување во контекст на азил
- Управување во контекст на азил
- Управување во контекст на прифат
- Регистрирање на баратели на меѓународна заштита

## Модул за дидактика

- Вовед во дидактика



## Воведни модули

- Заеднички европски систем за азил
- Идентификација на потенцијални Даблински случаи
- Идентификација на потенцијални случаи на исклучување
- Вовед во комуникација за практичарите за азил и прифат
- Вовед во меѓународна заштита



## Специјализирани модули

- Примена на клаузули за исклучување на лица кои не заслужуваат меѓународна заштита
- Директива за постапки за азил
- Комуникација со баратели на азил и обезбедување информации за баратели на азил
- Информации за земјата на потекло
- Регулатива Даблин III
- Крај на заштита
- Фундаментални права и меѓународна заштита во ЕУ
- Вклученост – напреден
- Медицински информации за земјата на потекло
- Прифат
- Раселување



# Примена на клаузули за исклучување на лица кои не заслужуваат меѓународна заштита



| *Главна целна група* | *Службеници за случаи на азил* |
|---|---|
| *Резултати од учењето* | • Идентификување на релевантните законски рамки што се применуваат за исклучување од меѓународна заштита.<br>• Определба на елементите што ги сочинуваат клаузулите за исклучување во контекст на бегалската и супсидијарната заштита.<br>• Утврдување на материјалните факти и докази во контекст на законските одредби кои се применуваат за потенцијалните случаи на исклучување. |
| *Преглед на модулот* | Овој модул се фокусира на примената на член 1Ѓ од Конвенцијата за бегалци од 1951 година и членовите 12(2) и 17 од Директивата за квалификации и ги одразува најновите случувања на полето за подобро опремување на службениците за случаи на азил со знаења и вештини кои се потребни за проценка на можната примена на овие клаузули за исклучување во рамките на процедурите за утврдување на подобност за меѓународна заштита. |
| *Достапни јазици* | Овој модул е достапен онлајн само на англиски јазик. Во наредните месеци ќе биде достапен онлајн на германски, полски и словенечки јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака на англиски, германски и словенечки јазик. |
| *Начин на достава и времетраење* | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 20-25 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 1.5 ден.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| *Верзија* | Најновата верзија е од 2020 година. |
| *Што е следно за овој модул?* | Овој модул ќе биде надграден како дел од реструктуирањето на Наставната програма за обуки на EASO. |

# Директива за постапки за азил



| **Главна целна група** | *Службеници за случаи на азил и службеници за политики* |
|---|---|
| **Резултати од учењето** | • Појаснување на контекстот во кој е усвоена директивата за постапки за азил (ДПА), нејзиниот опсег, постапките и целите<br>• Идентификување и правење разлика помеѓу различните вклучени органи и нивните улоги.<br>• Примена на одредбите од ДПА за сите баратели, вклучително и оние со различни потреби. |
| **Преглед на модулот** | Фокусирајќи се на ДПА, овој модул дава преглед на целиот процес на азил, од пристап до меѓународна заштита, па до постапката за жалба против негативна одлука. Се навлегува во детали за прашања како што се пристап до постапки, процедурални гаранции и обврски, допуштеност, право на правна помош и застапување, лично сослушување, одлучување, ефективни правни лекови и посебни постапки. Целта на овој модул е да се фокусира на различните аспекти регулирани со ДПА. Во идеални околности, учесниците веќе би го завршиле модулот „Вовед во меѓународна заштита“ пред да започнат со овој модул. |
| **Достапни јазици** | Овој модул е достапен онлајн само на англиски јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака само на англиски јазик. |
| **Начин на достава и времетраење** | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 25-30 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 1 ден.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| **Верзија** | Најновата верзија е од 2016 година. |
| **Што е следно за овој модул?** | Овој модул се реструктуира. Дел од него е вклучен во новиот модул „Вовед во правната рамка за меѓународна заштита во ЕУ“. |

# Заеднички европски систем за азил




| Главна целна група | Практичари за азил и прифат |
|---|---|
| Резултати од учењето | • Појаснување на целите и вредностите зад развојот на Заедничкиот европски систем за азил.<br>• Повикување на релевантните правни инструменти, судската пракса, алатките и ресурсите преку кои се спроведува Заедничкиот европски систем за азил.<br>• Појаснување на потребата од реформирање на Заедничкиот европски систем за азил. |
| Преглед на модулот | Овој модул дава преглед на тоа како е развиен Заедничкиот европски систем за азил и како истиот еволуирал со текот на годините, а се осврнува и на различните перспективи за негов иден развој. Модулот ги истражува целите што доведоа до постоење на Заедничкиот европски систем за азил и како тие цели го водеа неговото спроведување. Модулот ги испитува релевантните правни инструменти, судската пракса, алатките и ресурсите кои се корисни во рутинската работа за азил. Овој модул има за цел да ја подигне свеста и да овозможи развој на заедничко разбирање за Заедничкиот европски систем за азил помеѓу практичарите за азил и<br>основните чинители во неговата имплементација. |
| Достапни јазици | Овој модул е достапен онлајн само на англиски јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака само на англиски јазик. |
| Начин на достава и времетраење | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 25-30 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 2 дена.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| Верзија | Најновата верзија е од 2019 година. |
| Што е следно за овој модул? | Овој модул се реструктуира. Дел од него е вклучен во новиот модул „Вовед во правната рамка за меѓународна заштита во ЕУ“. |

# Комуникација со баратели на азил и обезбедување информации на баратели на азил



| Главна целна група | *Службеници за азил и прифат* |
|---|---|
| **Резултати од учењето** | • Препознавање на елементите на должност на земјите членки да информираат, како и правото на барателите да бидат информирани соодветно на контекстот на операциите на EASO.<br>• Идентификување на потребите од информации, земајќи ги предвид културните различности и моделите за споделување информации.<br>• Прилагодување и ширење на достапни пораки преку соодветни канали. |
| **Преглед на модулот** | Овој модул ги прикажува вештините кои се потребни за дизајнирање, планирање и имплементација на стратегии за меѓукултурна комуникација. Исто така, се однесува на потребите од информации на различни целни групи во различни оперативни контексти, со што им овозможува на учесниците да дизајнираат и шират ефективни, културно- чувствителни пораки, често во предизвикувачки оперативни средини. Целта на оваа обука е да им овозможи на практичарите да ги проценат потребите за информации на лицата на кои им е потребна меѓународна заштита, барателите на азил и потенцијалните корисници на меѓународна заштита. |
| **Достапни јазици** | Овој модул е достапен онлајн на англиски и италијански јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака на англиски и италијански јазик. |
| **Начин на достава и времетраење** | Оваа обука се спроведува преку сесија лице в лице ви времетраење од 1,5 ден.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| **Верзија** | Најновата верзија е од 2019 година. |

# Информации за земјата на потекло



| Главна целна група | Истражувачи на информации за земјата на потекло (ИЗП) и службеници за случаи на азил |
|---|---|
| **Резултати од учењето** | • Изнаоѓање релевантни, точни и урамнотежени информации за земјите на потекло од сигурни извори.<br>• Презентирање на информациите на транспарентен и начин што може да се следи.<br>• Вршење рецензија на некој производ за ИЗП. |
| **Преглед на модулот** | Овој модул ја прикажува улогата на ИЗП во постапките за меѓународна заштита. Истиот обезбедува преглед на тоа како да се развијат прашања за ИЗП од одреден случај и како да се избираат, проценат и потврдуваат изворите и информациите, како и практични вештини за истражување на темите за ИЗП. Воедно, овој модул опфаќа начини како најдобро да се презентираат истражувањата за ИЗП, како да се изготвуваат прашања за ИЗП и рецензија на производи за ИЗП. Целта на овој модул е да ги поттикне истражувачите на ИЗП и службениците за случаи на азил да ги постигнат стандардите за квалитет на ИЗП, што е од клучно значење за обезбедување на висококвалитетни информации за земјите на потекло. |
| **Достапни јазици** | Овој модул е достапен онлајн на англиски и германски јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака само на англиски јазик. |
| **Начин на достава и времетраење** | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 20 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 2 дена.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| **Верзија** | Најновата верзија е од 2019 година. |
| **Што е следно за овој модул** | Како дел од реструктуирањето на Наставната програма за обуки на EASO, овој модул ќе се преобликува во одреден број на модули поврзани со принципите и стандардите за квалитет на ЗНП, изготвување производи за ЗНП, сослушување извори, ЗНП за сложени случаи и организирање и спроведување мисии за утврдување факти. |

# Регулатива Даблин III



| **Главна целна група** | ***Службеници кои работат во Одделението за Даблин*** |
|---|---|
| ***Резултати од учењето*** | • Одредување на одговорната земја членка со примена на критериумите за одговорност и процедурални правила, како и со користење на алатките кои се утврдени во регулативата од Даблин и регулативата за нејзино спроведување.<br>• Препознавање на ситуациите каде што треба да се разгледа отстапувањето од механичката примена на регулативата од Даблин и наведување на образложено решение за ситуацијата. |
| ***Преглед на модулот*** | Овој модул се фокусира на основната функција и опсегот на Даблинскиот систем и неговите правила и процедури. Истиот им помага на учениците да се запознаат со системот Евродак (Евродак е база на податоци со отпечатоци од прсти за цели на азил на ЕУ) и електронската мрежа ДаблиНет (DubliNet). Целта на овој модул е да им обезбеди на учесниците вештини и знаења потребни за примена на регулативата Даблин III во согласност со *законодавството* на ЕУ за азил и целосно почитување на меѓународните правни инструменти за човекови права. Во идеални околности, учесниците би ги завршиле модулите „Заеднички европски систем за азил“ и „Основни права и меѓународна заштита во ЕУ“ пред да започнат со овој модул. |
| ***Достапни јазици*** | Овој модул е достапен онлајн на чешки, англиски, француски, германски, романски и словенечки јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака на англиски јазик. |
| ***Начин на достава и времетраење*** | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 20-25 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 2 дена.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| ***Верзија*** | Најновата верзија е од 2016 година. |
| ***Што е следно за овој модул?*** | Следното ажурирање е планирано да се изврши по усвојувањето на Регулативата Даблин IV. |

# Крај на заштита



| *Главна целна група* | *Службеници за случаи на азил* |
|---|---|
| ***Резултати од учењето*** | • Идентификување на основите за повлекување на меѓународната заштита преку индивидуални проценки.<br>• Примена на релевантните законски одредби и процедури кои се однесуваат на крајот на заштитата. |
| ***Преглед на модулот*** | Овој модул им нуди можност на службениците да се специјализираат за примена на релевантните законски одредби и процедурални заштитни мерки кои се однесуваат на крајот на заштитата. Учесниците исто така ќе научат како да ги толкуваат условите што водат до крај на заштитата како што е наведено во Директивата за квалификации. По завршувањето на овој модул, учесниците ќе имаат теоретски и практични знаења кои се потребни за да подготват и напишат одлука на оваа тема. |
| ***Достапни јазици*** | Овој модул е достапен онлајн на англиски, француски, германски и романски јазик. Во наредните месеци ќе биде достапен онлајн на полски и словачки јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака само на англиски јазик. |
| ***Начин на достава и времетраење*** | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 20-30 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 1.5 ден.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| ***Верзија*** | Најновата верзија е од 2018 година. |
| ***Што е следно за овој модул?*** | Овој модул ќе биде надграден како дел од реструктуирањето на Наставната програма за обуки на EASO. |

# Процена на докази



| Главна целна група | Службеници за случаи на азил |
|---|---|
| **Резултати од учењето** | • Идентификување на материјални факти за барање поврзано со критериумите за подобност за меѓународна заштита.<br>• Утврдување на кредибилитетот на материјалните факти на барањето за меѓународна заштита на структуриран начин.<br>• Ублажување на влијанието на изобличувањата при проценка на кредибилитетот на материјалните факти.<br>• Утврдување на идниот ризик врз основа на прифатените материјални факти во врска со барањето за меѓународна заштита. |
| **Преглед на модулот** | Овој модул истражува како се утврдуваат материјалните факти за еден случај преку прибирање, испитување и споредување достапни докази. Ги прикажува теоретските аспекти и релевантното законодавство од практична перспектива. Целта на овој модул е да ги претстави знаењата, вештините и својствата кои се потребни за примена на структурен пристап за проценка на докази, така што ризикот од субјективност во поединечни случаи се намалува. Заедно со другите два основни модула во оваа област („Техники за сослушување “ и „Вклученост“), овој модул ги поставува основите за знаењето, вештините и компетенциите кои се потребни за извршување на задачите на службеникот. |
| **Достапни јазици** | Овој модул е достапен онлајн само на англиски јазик. Во наредните месеци ќе биде достапен онлајн и на други јазици на ЕУ.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака само на англиски јазик. |
| **Начин на достава и времетраење** | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 20-30 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 2 дена.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| **Верзија** | Најновата верзија е од 2020 година. |
| **Што е следно за овој модул?** | Модулот ќе биде надграден како дел од реструктуирањето на Наставната програма за обука на EASO. |

# Фундаментални права и меѓународна заштита во ЕУ



| Главна целна група | Практичари за азил и прифат |
|---|---|
| Резултати од учењето | • Опис на главните меѓународни и европски инструменти за основните права и принципи во контекст на меѓународна заштита во ЕУ, со посебен фокус на Повелбата за фундаментални права на ЕУ (Повелба на ЕУ).<br>• Појаснување на практичната релевантност на Повелбата на ЕУ и нејзините меѓусебни односи со другите инструменти за човекови права.<br>• Примена на принципите и инструментите на основни права и меѓународна заштита во однос на пристапот до територијата, постапката за азил, содржината на меѓународната заштита и враќањето.<br>• Примена на Повелбата на ЕУ за лицата кои можеби имаат потреба од меѓународна заштита, како и за лицата во постапките за враќање. |
| Преглед на модулот | Овој модул дава преглед на основните права во контекст на меѓународна заштита фокусирајќи се на Повелбата на ЕУ. Модулот ги објаснува релевантните одредби од Повелбата на ЕУ во контекст на процесите за азил и прифат од правна и практична гледна точка преку разгледување на неодамнешните случувања, како оние на кои се однесува правото на Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ). Во идеални околности, учесниците би го имале завршено модулот „Вовед во меѓународна заштита“ пред да започнат со овој модул. |
| Достапни јазици | Овој модул е достапен онлајн на англиски и германски јазик. Во наредните месеци ќе биде достапен онлајн на полски јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака само на англиски јазик. |
| Начин на достава и времетраење | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 25-30 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 2 дена.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| Верзија | Најновата верзија е од 2016 година. |
| Што е следно за овој модул? | Модулот ќе биде надграден како дел од реструктуирањето на Наставната програма за обука на EASO. |

# Пол, родов идентитет и сексуална ориентација



| **Главна целна група** | *Службеници за случаи на азил* |
|---|---|
| **Резултати од учењето** | • Идентификување на факторите на полот, родовиот идентитет и сексуалната ориентација кога се обработува барањето за меѓународна заштита.<br>• Појаснување како поврзаните искуства и ставовите кон родот, родовиот идентитет и сексуалната ориентација влијаат на начинот на кој се обработуваат барањата за меѓународна заштита.<br>• Примена на пристап соодветен на полот, родовиот идентитет и сексуалната ориентација кога се обработува барањето за меѓународна заштита. |
| **Преглед на модулот** | Овој модул дава преглед на нормите поврзани со родот, родовиот идентитет и сексуалната ориентација и истражува како овие норми влијаат врз службениците и барателите, кога случаите се оценуваат за меѓународна заштита. Истиот се однесува на кршењето на човековите права, како и на правната рамка, со цел да им овозможи на практичарите да спроведат проценка на докази што соодветно ги зема предвид особеностите на тврдењата кои вклучуваат пол, родов идентитет и сексуална ориентација. Целта на овој модул е да обезбеди практичен пристап за тоа како најдобро да се спроведе сослушување кое поддржува откривање на прашања поврзани со родот, родовиот идентитет и сексуалната ориентација. Во идеални околности, учесниците би ги завршиле модулите „Вклученост“, „Техники на сослушување“ и „Проценка на докази“ пред да започнат со овој модул. |
| **Достапни јазици** | Овој модул е достапен онлајн на англиски, фински, германски, руски, словачки и словенечки јазик. Во наредните месеци ќе биде достапен онлајн на француски и полски јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака на англиски и германски јазик. |
| **Начин на достава и времетраење** | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 25-30 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 2 дена.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| **Верзија** | Најновата верзија е од 2015 година. |
| **Што е следно за овој модул?** | Како дел од реструктуирањето на Наставната програма за обуки на EASO, содржината на овој модул ќе се внесе во следните модули: „Жртви на родово базирано насилство“, „Баратели со различна сексуална ориентација, родов идентитет и изразување или полови карактеристики“, „Вклученост - Напреден“ и „Управување со случаи на баратели со различна сексуална ориентација, родов идентитет и изразување или полови карактеристики“. |

# Идентификување на потенцијални Даблински случаи



| Главна целна група | Службеници за регистрација, работници за случаи и службеници за прифат |
|---|---|
| Резултати од учењето | • Наведување на критериумите за одговорност и главните чекори во Даблинската постапка според регулативата Даблин III и релевантните одредби од регулативата Евродак, како и регулативата за визен информациски систем.<br>• Идентификување на индикаторите врз основа на критериумите за одговорност според Регулативата Даблин III.<br>• Примена на комуникациски техники за прибирање докази и обезбедување информации според Регулативата Даблин III, во согласност со упатствата на EASO.<br>• Утврдување дали случајот треба да се упати до Одделението за Даблин и доколку е така, кои информации да се вклучат. |
| Преглед на модулот | Овој модул се фокусира на разбирање на регулативата Даблин III и чинителите кои се вклучени во пошироката постапка за азил, без да навлегува во поситни детали и технички карактеристики на системот Даблин. Истиот има за цел да ги опфати националните власти кои се вклучени во Даблинските процедури од перспективи на различни практичари, како што се службениците за регистрација, службениците за случаи, службениците за прифат и службениците за азил кои се вклучени во обезбедувањето информации (на пр. на местата на истоварување од бродови), како и локалните власти кои можат да се занимаваат со баратели на меѓународна заштита. Целта на овој модул е на учесниците да им обезбеди знаења и вештини за да им помогне во идентификувањето на баратели на меѓународна заштита кои би можеле да потпаднат под Даблинската процедура и да ги упатат нивните случаи до надлежниот орган, т.е. Одделението за Даблин. |
| Достапни јазици | Овој модул е достапен онлајн на англиски и италијански јазик. Во наредните месеци ќе биде достапен онлајн на германски и романски јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака на англиски, германски и италијански јазик. |
| Начин на достава и времетраење | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 10-15 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 1 ден.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| Верзија | Најновата верзија е од 2020 година. |
| Што е следно за овој модул? | Овој модул ќе биде надграден како дел од реструктуирањето на Наставната програма за обуки на EASO. |

# Откривање потенцијални случаи на исклучување



| *Главна целна група* | *Службеници за случаи на азил, службеници за прифат и службеници за Даблински случаи* |
|---|---|
| *Резултати од учењето* | • Појаснување на улогата на идентификацијата во процесот на исклучување, како и образложението и целите зад исклучувањето од меѓународна заштита.<br>• Идентификување на дела за исклучување и потенцијални чинители во контекст на постапките за меѓународна заштита.<br>• Препознавање на релевантните информации што поттикнуваат понатамошно испитување во однос на клаузулите за исклучување. |
| *Преглед на модулот* | Овој модул се занимава со идентификација на потенцијални случаи на исклучување во контекст на член 1Ѓ од Конвенцијата за бегалци од 1951 година и член 12(2) и член 17 од Директивата за квалификации. Истиот конкретно се фокусира на случаи каде што едно лице потенцијално може да се смета дека не заслужува меѓународна заштита. Целта на овој модул е да им овозможи на службениците кои работат на процедурите за азил да бидат свесни за различните видови случаи од различни земји. |
| *Достапни јазици* | Овој модул е достапен онлајн само на англиски јазик. Во наредните месеци ќе биде достапен онлајн на германски и полски јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака на англиски и германски јазик. |
| *Начин на достава и времетраење* | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 10 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 1 ден.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| *Верзија* | Најновата верзија е од 2020 година. |
| *Што е следно за овој модул?* | Овој модул ќе биде надграден како дел од реструктуирањето на Наставната програма за обуки на EASO. |

# Вклученост



| ***Главна целна група*** | ***Службеници за случаи на азил*** |
|---|---|
| ***Резултати од учењето*** | • Идентификување кој треба да биде вклучен во процесот на азил.<br>• Анализирање на случајот на барателот за да се одреди кој статус на заштита треба да се даде.<br>• Појаснување на одлуката со повикување на релевантниот закон и практика. |
| ***Преглед на модулот*** | Овој модул дава преглед на толкувањето и примената на Конвенцијата за бегалци од 1951 година и нејзината поврзаност со Директивата за квалификации на ЕУ. Воедно, модулот ги поставува основите за знаењата, вештините и компетенциите потребни за извршување на задачите на службеникот преку наведување на дефиницијата за „бегалец“, основите за супсидијарна заштита и прогон во однос на Прирачникот на УНХЦР и Директивата за квалификации. Овој модул ја опфаќа врската помеѓу прогон (основан страв) и основата на конвенцијата (т.е. раса, религија, националност, политичко мислење и одредена општествена група), принципот на *не-враќање* и други елементи кои се важни за квалификацијата како бегалец или како корисник на супсидијарна заштита. |
| ***Достапни јазици*** | Овој модул е достапен онлајн на албански, арапски, бугарски, хрватски, чешки, дански, холандски, англиски, естонски, фински, француски, грузиски, германски, грчки, унгарски, италијански, летонски, литвански, македонски, норвешки, полски, португалски, романски, руски, словачки, словенечки, шпански и турски јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака на англиски и германски јазик. |
| ***Начин на достава и времетраење*** | Овој модул се испорачува преку комбинација од приближно 30 часа на онлајн студии и сесија лице-в-лице од 2 дена.<br>Во исклучителни околности, сесијата лице-в-лице може да се испорача виртуелно. |
| ***Верзија*** | Најновата верзија е од 2013 година. |
| ***Што е следно за овој модул?*** | Модулот ќе биде надграден како дел од реструктуирањето на Наставната програма за обука на EASO. |

# Вклученост – напреден



| **Главна целна Група** | *Службеници за случаи на азил* |
|---|---|
| **Резултати од учењето** | • Критичка проценка на работата во контекст на практиките на различни земји членки и правото поврзано со Заедничкиот европски систем за азил.<br>• Примена на заклучоците извлечени од европската правна теорија, главно од судската пракса на Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) и судската пракса на Европскиот суд за човекови права.<br>• Опфаќање на прашањата поврзани со толкувањето на квалификацијата за меѓународна заштита во согласност со методот на СПЕУ за толкување на правото на ЕУ, во отсуство на директни насоки од СПЕУ.<br>• Обезбедување на структурирани и детални насоки за сложени прашања поврзани со толкувањето на квалификацијата за меѓународна заштита. |
| **Преглед на модулот** | Овој модул се фокусира на посложени аспекти на квалификација за меѓународна заштита во однос на дејствија на прогон, причини за прогон, сериозна повреда (супсидијарна заштита) и заштита од прогон или сериозна повреда. Модулот, исто така, критички ја оценува работата на службениците на случаи на азил во контекст на националната пракса и правото поврзано со ЗЕСА, притоа применувајќи ги заклучоците извлечени од работата на СПЕУ и Европскиот суд за човекови права. Овој модул ги учи учесниците за метод за толкување на правото на ЕУ и правото за меѓународна заштита во отсуство на насоки на СПЕУ кога се соочуваат со сложени прашања поврзани со толкувањето на квалификацијата за меѓународна заштита. Целта на овој модул е да им обезбеди на службениците во случаите за азил структурирани и детални насоки за сложени прашања поврзани со толкувањето на квалификацијата за меѓународна заштита. Бидејќи овој модул е надополнување на модулот „Вклученост“, во идеални околности, учесниците би го завршиле тој модул пред да започнат со овој. |
| **Достапни јазици** | Овој модул е достапен онлајн на англиски, германски и руски јазик.<br>Прирачникот за обучувачот е достапен за виртуелна испорака на англиски и германски јазик. |
